

ДИЗАЈН

# Грандиозен 3Д колаж на „Герника“ на студентите по архитектура на „Скопје Креатива“

By design.mk | June 9, 2016 | No Comments

Со импресивна 3Д колаж-инсталација на „Герника“ од Пабло Пикасо и проекција на 13 кратки филмови ќе се претстави Архитектонскиот факултет од Скопје викендов на фестивалот за креативни индустрии „Скопје Креатива“. Под палката на проф. Елизабета Аврамовска и соработниците Миа Шириќ и Илчо Илиевски, студентите од прва година на Архитектонски факултет направија своевидна транскрипција на познатото дело на Пикасо во грандиозен колаж во 3Д.

Аврамовска посочува дека идејата да се претстави токму „Герника“ е симболичен чин, бидејќи сликата и нејзината тематика се сè уште актуелни, отсликувајќи ги условите во денешните општества низ светот, отсликувајќи ги јасно условите во кои живее и македонското општество.



„Герника претставува светски симбол на страдање на цивили во братоубиствени конфликти со неверојатно сугестивно влијание врз човековата совест. Денес во светот се случуваат многу ‘Герники’ и буквално и метафорично и затоа сликата е многу актуелна. Во нашиот контекст ‘Герника’ е актуелна на метафорично ниво на повеќе рамништа и треба да ја разбереме како опомена, особено од аспект на конфронтација и поделеност меѓу жителите во нашата држава, од аспект на „масакрирање“ на моралните, етичките и човечките вредности, што се рефлектира во сите области од општествено-политичкото, социјалното и индивидуалното живеење“, потенцира проф. Аврамовска.





Ова дело испраќа и дополнителна порака до креативниот сектор ако се земе предвид фактот дека се работи, како што посочува Аврамовска, за прва слика која е дел од жанрот ангажирана уметност.

„Пикасо во тоа време живеел во Париз и кога ја слушнал страшната вест за бомбардирањето на Герника веднаш влегол во ателје и почнал да работи на сликата. Ја насликал за 5 или 6 недели. Сликата била изложена во Шпанскиот павилјон на Париската интернационална изложба во 1937. Патот на сликата е мошне интересен. После светската изложба во Париз сликата патувала низ светот 19 години сведочејќи за ужасите на војната и потоа се „се сместила“ во Музејот на модерна уметност во Њујорк. Пикасо оставил аманет: не дозволувал сликата да се врати во Шпанија се додека во земјата не завладеат општествени слободи и демократски институции. Сликата пристигна во Шпанија дури во 1981 година! Пикасо не доживеа да ја види сликата во Шпанија. 'Герника' е првата слика во историјата на уметност која спаѓа во жанрот на ангажираната уметност“, вели Аврамовска.


ТРАНСКРИПЦИЈА
на
ГЕРНИКА
(колаж во 3Д)
Изложба на Архитектонски факултет, УКИМ, Скопје

Посочувајќи на тежината на Герника, историјата на градот како центар на слободоумните Баскијци, нејзината мрачна судбина, Аврамовска потенцира дека сликата и нејзината историја треба да бидат разбрани како опомена, не само за Македонија, туку и глобално.

„Герника треба да ја сфатиме како опомена, не само кај нас туку и глобално. Затоа французите во 2000-та година сликата 'Герника' од Пабло Пикасо ја прогласија за слика на Милениумот. Денес во светот се случуваат многу 'Герники' и буквално и метафорично и затоа сликата е многу актуелна", додава Аврамовска.



На 3Д колажот на „Герника" работеа студентите: Ана Зикова, Ана Јанкуловска, Велковска Мартина, Стефанија Атанасовски, Андреј Нанески, Мејада Калиси, Елмедина Дема, Дејан Николовски, Марија Грчева, Љубица Ефтимова, Пале Јанева, Стефан Василевски, Бисера Несторовска, Никола Момироски, Александар Петровски, Андреј Иваноски, Димитар Димоски, Виктор Наџински, Една Мирковска, Христина Царовска и Теодора Богданоска.

Покрај инсталацијата, работата на студентите на Архитектонски ќе биде претставена и преку 13 кратки филмови изботени преку предметот „Видео и мултимедијално претставување" на разни теми поврзани со архитектурата. Ќе се прикажат филмовите „Прокастринирам", "Индекс Бр.", „Скопје

2014“, „Перспектива“, „Далаверите на Купидон“, „The day after everyday“, „Архитектонски маки“, „Парадоксот на времето“, „Сатира“, „The End“, „Walking Dead Architects“„Clockwork“, „9-13“.

Love 0

Share

Tweet

Share

Pin

ПРЕБАРУВАЧ

Search...

SEARCH

НАЈ ПОСЕТУВАНИ



Креативна изложба на проекти на студентите на Архитектонски факултет